РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3822/4
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-3822/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3822/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3822/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-3822/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 46/21, ДКСК утврди дека на лицето ____________________ на ден 16.02.2021 година му престанала функцијата Директор на ________________________________________ .
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваниот, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднел анкетен лист до ДКСК.
Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а не е проземено процесно дејствие за гонење на сторителот на прекршокот, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води..

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: З.Б. , заменик претседател на ДКСК